На 25 и 26 ноември 2014 г. во Оксфорд, Велика Британија се одржа работилница на тема „ **Градење одржливост на граѓанските организации** “ во организација на ИНТРАК од Лондон. Симона Огненовска и Дарко Димов учествуваа како претставници на МЦМС. На работилницата учествуваа 80 претставници на граѓански организации, социјални претпријатија, претставници на приватен сектор, меѓународни организации од целиот свет и споделија искуства и практични примери за одржливоста на граѓанското општество.



Зборуваа претставници на различни чинители на граѓанското општество што овозможи споделување на методи и алатки за актуелната дебата и рефлектирање на можностите и предизвиците кои претстојат на глобално и локално ниво. Дискутирани беа клучните прашања и предизвици: одржливоста на граѓанските организации кои функционираат во различни контексти; како меѓународните организации им помагаат на граѓанските организации да станат поодржливи и најдобрите практики на донаторите за обезбедување одржливост на примателите/партнерските организации.

Одржливоста на граѓанското општество не е само обезбедување финансиски ресурси. Одржливоста е мултидимензионална и ги опфаќа легитимитетот на организацијата, силното водство и јасната мисија и вредности како важни аспекти, како и контекстот во кој функционира организацијата. Финансирањето е сепак најважниот аспект за долгорочниот опстанок и ефективност на граѓанските организации. Показател за потенцијална неодржливост на граѓанските организации претставува преголемата зависност од строго наменски средства. Финансиската одржливост зависи од диверзифицираноста на приходите и можностите за пристап до нови средства.

